Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-342/2 од 27.01.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 3-та седница одржана на 27.01.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година, бр.05-4702/1 од 22.12.2021 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година остануваат на претходно утврдено ниво, односно изнесуваат 133.154.238,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 500.000,00 денари, наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Групната ставка **402 – Инвестиционо одржување на средствата** се намалува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 12.409.000,00 денари изнесува 11.909.000,00 денари и
- Позицијата **402050 – Поправка и одржување на градежни објекти** се намалува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 700.000,00 денари изнесува 200.000,00 денари.
- Групната ставка **417 – Интелектуални и други услуги** се зголемува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 16.752.000,00 денари изнесува 17.252.000,00 денари и
- Позицијата **417800 – Други неспомнати услуги – истражување** се зголемува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 4.130.000,00 денари изнесува 4.630.000,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

# О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2022 година, со цел да се обезбедат средства наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво во вкупен износ од 500.000,00 денари. За да се обезбедат 500.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година и тоа: Групната ставка 402 – Инвестиционо одржување на средствата се намалува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 12.409.000,00 денари, истата изнесува 11.909.000,00 денари. Позицијата 402050 – Поправка и одржување на градежни објекти се намалува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 700.000,00 денари истата изнесува 200.000,00 денари. Групната ставка 417 – Интелектуални и други услуги се зголемува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 16.752.000,00 денари, истата изнесува 17.252.000,00 денари. Позицијата 417800 – Други неспомнати услуги – истражување се зголемува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 4.130.000,00 денари истата изнесува 4.630.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2022 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно истите изнесуваат 133.154.238,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-342/2 од 27.01.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 3-та седница одржана на 27.01.2022 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 05-386/1
28-01. **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;